# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# УПРАВЕН СУД

## И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТА НА УПРАВНИОТ СУД ЗА 2009 ГОДИНА

---

**Скопје, февруари 2010 година**

## I. УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Од основањето во 2007 година, активностите од законски определениот делокруг на Управниот суд, се остваруваат во деловните простории во објектот што се наоѓа на улица „Орце Николов“ б.б. во Скопје. Делот од наведениот објект што беше даден на користење на овој Суд, има 40 канцеларии, кои во моментот на предавањето, беа опремени со нов мебел и делумно со компјутерска опрема. Условите за работа во Управниот суд, од гледна точка на просторно сместување и техничка опременост на Судот, се променети во позитивна смисла, споредбено со извештајната 2008 година, со тоа што во текот на 2009 година, врз основа на спроведени постапки за јавни набавки, е набавена дополнителна техничка опрема, така што заклучно со истекот на наведената календарска година, Судот располагаше со 1 сервер, 67 компјутери, 34 печатачи, 2 инфо дисплеи, 1 киоск компјутер, 1 безбедносна – метал детекторска врата, 1 апарат за копирање – Канон, 4 рачни метални детектори за судската полиција и техничка аудио опрема за судниците.

Во почетокот на 2009 година, во Управниот суд беше воведен интернет, а во втората половина од наведената календарска година, започна имплементацијата, додека во последниот квартал од годината и ефективното користење на Автоматизираниот компјутерски систем за водење судски предмети АКМИС, со што се овозможи автоматско распоредување на новопримените предмети во Судот, на судиите, формирање електронски предмети во кои се внесуваат сите релевантни податоци од хартиените уписници и предмети, следење на движењето на предметите во Судот, креирање и изработка на одлуки, нивна верификација и анонимизација, изработка на извештаи за работата на овој Суд, како и објавување на анонимизираните одлуки на интернет страната на Управниот суд.

Во наведениот период од 2009 година, поради едукацијата на судиите и судските службеници за користење на АКМИС-от, како и поради бројните технички проблеми што беа присутни во врска со непосредната примена на овој компјутерски систем и кои во котинуитет се отстрануваа во соработка со овластената фирма „ЕДУСОФТ“, евиденцијата на судските предмети се водеше двојно, односно во хартиени уписници и електронски.

Од гледна точка на човечки ресурси, состојбата е исто така променета споредбено со извештајната 2008 година, во смисла на тоа што во текот на 2009 година, се избрани уште 3 судии во Управниот суд, така што нивниот вкупен број изнесува 25, вклучувајќи го и претседателот на судот, како и еден судија чија судиска функција е во мирување, со оглед на тоа што е избран за член на Судскиот совет на Република Македонија.

Во 2009 година, се остварени и повеќе нови вработувања на судски службеници согласно со НПАА програмата за 2009 година, а на тројца судски службеници им престана рабониот однос по нивно барање, така што

вкупниот број на судски службеници, лица кои вршат технички и помошни работи и припадници на судската полиција во Управниот суд, заклучно со истекот на наведената календарска година, изнесува 50 лица и тоа: - 1 судски администратор, 3 раководители на одделение (од кои 1 е раководител на одделението за финансиско и материјално работење, а двајца на одделенија формирани во рамките на специјализираните судски оддели во овој Суд), 2 виши судски советници за решавање управни спорови, 5 судски советници за решавање управни спорови (од кои на еден му мирува работниот однос во овој Суд, поради негово стручно оспособување – следење на програмата за почетна обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители), 1 судски советник во одделението за информатика, 5 виши судски соработници за решавање управни спорови, 1 судски соработник за решавање управни спорови, 1 судски соработник за постапување по претставки и предлози, 1 самостоен судски референт - технички секретар на претседателот на судот, 1 судски референт - технички секретар на судскиот администратор, 1 самостоен судски референт - водител на писарница, 1 самостоен судски референт за прием и експедиција на пошта, 1 самостоен судски референт - сметководител, 1 виш судски референт - благајник, 9 виши судски референти - извршители во писарница, 9 виши судски референти за обработка на документација - дактилографи, 2 судски референти - доставувачи, 1 возач, 1 економ и 3 припадника на судска полиција.

Состојбата со предвидени, пополнети и непополнети работни места според Правилникот за систематизација на работните места во Управниот суд, донесен и усвоен согласно со Законот за судска служба, табеларно е прикажана во следната табела:

| ЗВАЊЕ | ПРЕДВИДЕН БРОЈ НА ИЗВРШИТЕЛИ | ПОПОЛНЕТ БРОЈ НА ИЗВРШИТЕЛИ | НЕПОПОЛНЕТ БРОЈ НА ИЗВРШИТЕЛИ |
|---|---|---|---|
| СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР | 1 | 1 | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛ | 1 | / | 1 |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИМОТНО – ПРАВНА ОБЛАСТ, КАТАСТАР И ОБРАЗОВАНИЕ | 1 | / | 1 |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА, ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА, ДЕЕКСПРОПРИЈАЦИЈА И ТРАНСФОРМАЦИЈА | 1 | / | 1 |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНИШТВО, ВОДОСТОПАНСТВО, ЗЕМЈОДЕЛСТВО, СТОПАНСТВО, СООБРАЌАЈ И ВРСКИ, ИГРИ НА СРЕЌА И РАДИОДИФУЗИЈА | 1 | / | 1 |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПЕНЗИИ И ДРУГИ ПРАВА ОД ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ, ПРАВО ПО ОСНОВ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, ПРАВО ПО ОСНОВ НА ЗДРАВСТВЕНО | 1 | 1 | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ОСИГУРУВАЊЕ, ПРАВА ОД ЗДРАВСТВЕНО – САНИТАРЕН НАДЗОР И КОНТРОЛА И НАДЗОРНИ МЕРКИ НА ИНСПЕКТОРОТ НА ТРУДОТ | | | |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ, ПРАВА ПО ОСНОВ НА НЕВРАБОТЕНОСТ, ЈАВНИ ДАВАЧКИ, ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ, РАБОТНИ ОДНОСИ, АКЦИЗИ, РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ, АДВОКАТИ, ЕКОНОМИЈА, КОНКУРЕНЦИЈА, ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР, ПРИСТАП ДО ИНФОРМЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР | 1 | 1 | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЦАРИНИ, ТАКСИ, НАДОМЕСТОЦИ, СТАТУСНИ ПРАШАЊА, ПАТНИ ИСПРАВИ, ВОЗИЛА, ОРУЖЈЕ, ПРАВО ОД ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ И АВТОРСКИ ПРАВА, ЖИГ, БАНКАРСКИ РАБОТИ, КОНЦЕСИИ, ОДБРАНА, ДЕЛОВЕН СУБЈЕКТ, ЕНЕРГЕТИКА, ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ | 1 | / | 1 |
| ВИШ СУДСКИ СОВЕТНИК ЗА РЕШАВАЊЕ УПРАВНИ СПОРОВИ | 4 | 2 | 2 |
| СУДСКИ СОВЕТНИК ЗА РЕШАВАЊЕ УПРАВНИ СПОРОВИ | 5 | 5 | / |
| ВИШ СУДСКИ СОРАБОТНИК ЗА РЕШАВАЊЕ УПРАВНИ СПОРОВИ | 5 | 5 | / |
| СУДСКИ СОРАБОТНИК ЗА РЕШАВАЊЕ УПРАВНИ СПОРОВИ | 6 | 1 | 5 |
| СУДСКИ СОРАБОТНИК – ПРЕВЕДУВАЧ | 1 | / | 1 |
| СУДСКИ СОРАБОТНИК – ЛЕКТОР | 1 | / | 1 |
| СУДСКИ СОРАБОТНИК – ВОДИТЕЛ НА СТРУЧНА БИБЛИОТЕКА | 1 | / | 1 |
| СУДСКИ ПОМОШНИК | 2 | / | 2 |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКТИКА | 1 | / | 1 |
| СУДСКИ СОРАБОТНИК ВО ОДДЕЛОТ ЗА СУДСКА ПРАКТИКА | 1 | / | 1 |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ | 1 | / | 1 |
| СУДСКИ СОРАБОТНИК ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ | 1 | 1 | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНФОРМАТИКА | 1 | / | 1 |
| СУДСКИ СОВЕТНИК ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНФОРМАТИКА | 1 | 1 | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНФОРМАТИКА** | **1** | **/** | **1** |
| **РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКО И МАТЕРИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ** | **1** | **1** | **/** |
| **САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - СМЕТКОВОДИТЕЛ** | **1** | **1** | **/** |
| **ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - БЛАГАЈНИК** | **1** | **1** | **/** |
| **РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | **1** | **/** | **1** |
| **ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | **1** | **/** | **1** |
| **САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - ТЕХНИЧКИ СЕКРЕТАР НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ СУДОТ** | **1** | **1** | **/** |
| **СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - ТЕХНИЧКИ СЕКРЕТАР НА СУДСКИОТ АДМИНИСТРАТОР** | **1** | **1** | **/** |
| **САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - ВОДИТЕЛ НА ПИСАРНИЦА** | **1** | **1** | **/** |
| **ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - ИЗВРШИТЕЛ ВО ПИСАРНИЦА** | **12** | **9** | **3** |
| **САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ ЗА ПРИЕМ И ЕКСПЕДИЦИЈА НА ПОШТА** | **1** | **1** | **/** |
| **СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - ДОСТАВУВАЧ** | **4** | **2** | **2** |
| **САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - КООРДИНАТОР НА ДАКТИЛОБИРО** | **1** | **/** | **1** |
| **ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ ЗА ОБРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА - ДАКТИЛОГРАФ** | **25** | **9** | **16** |
| **ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - АРХИВАР** | **1** | **/** | **1** |
| **ПОМЛАД СУДСКИ РЕФЕРЕНТ** | **1** | **/** | **1** |
| **КОМАНДИР НА СУДСКА ПОЛИЦИЈА** | **1** | **/** | **1** |
| **ЗАМЕНИК КОМАНДИР НА СУДСКА ПОЛИЦИЈА** | **1** | **/** | **1** |
| **ПРИПАДНИК НА СУДСКА ПОЛИЦИЈА** | **3** | **3** | **/** |
| **ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - КООРДИНАТОР НА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА** | **1** | **/** | **1** |
| **ЕКОНОМ** | **1** | **1** | **/** |
| **РАБОТНИК ВО БИФЕ** | **2** | **/** | **2** |
| **ХАУС МАЈСТОР** | **1** | **/** | **1** |
| **ХИГИЕНИЧАР** | **4** | **/** | **4** |
| **ОПЕРАТОР НА ТЕЛЕФОНСКА ЦЕНТРАЛА** | **1** | **/** | **1** |
| **ВОЗАЧ** | **2** | **1** | **1** |
| **ВКУПНО:** | **110** | **50** | **60** |

## II. РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Во текот на 2009 година, во Управниот суд се оформени 9043 нови предмети по различни основи, така што имајќи ги предвид и 9154-те нерешени предмети од минатата извештајна година, вкупно во работа во судот имало 18197 предмети, од кои 7857 се решени, а останале нерешени 10340 предмети.

Работата по предметите во овој суд, се одвива во осум совети, формирани во рамките на шест специјализирани судски оддели и тоа: -

I - ОДДЕЛ ЗА ИМОТНО – ПРАВНА ОБЛАСТ, КАТАСТАР И ОБРАЗОВАНИЕ

II – ОДДЕЛ ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА, ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА, ДЕЕКСПРОПРИЈАЦИЈА И ТРАНСФОРМАЦИЈА

III – ОДДЕЛ ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНИШТВО, ВОДОСТОПАНСТВО, ЗЕМЈОДЕЛСТВО, СТОПАНСТВО, СООБРАЌАЈ И ВРСКИ, ИГРИ НА СРЕЌА И РАДИОДИФУЗИЈА

IV – ОДДЕЛ ЗА ПЕНЗИИ И ДРУГИ ПРАВА ОД ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ, ПРАВО ПО ОСНОВ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, ПРАВО ПО ОСНОВ НА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ, ПРАВА ОД ЗДРАВСТВЕНО – САНИТАРЕН НАДЗОР И КОНТРОЛА, НАДЗОРНИ МЕРКИ НА ИНСПЕКТОРОТ НА ТРУДОТ

V - ОДДЕЛ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ, ПРАВА ПО ОСНОВ НА НЕВРАБОТЕНОСТ, ЈАВНИ ДАВАЧКИ, ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ, РАБОТНИ ОДНОСИ, АКЦИЗИ, РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ, АДВОКАТИ, ЕКОНОМИЈА, КОНКУРЕНЦИЈА, ЦЕНРАЛЕН РЕГИСТАР, ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ - ЈАВЕН КАРАКТЕР

VI – ОДДЕЛ ЗА ЦАРИНИ, ТАКСИ, НАДОМЕСТОЦИ, СТАТУСНИ ПРАШАЊА, ПАТНИ ИСПРАВИ, ВОЗИЛА, ОРУЖЈЕ, ПРАВА ОД ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ И АВТОРСКИ ПРАВА, ЖИГ, БАНКАРСКИ РАБОТИ, КОНЦЕСИИ, ОДБРАНА, ДЕЛОВЕН СУБЈЕКТ, ЕНЕРГЕТИКА, ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИ.

Во рамките на вториот оддел, функционираат два совета (II СОВЕТ и VII СОВЕТ), во рамките на шестиот оддел исто така функционираат два совета (VI СОВЕТ и VIII СОВЕТ), а во рамките на останатите четири оддели, функционира по еден совет (I СОВЕТ, III СОВЕТ, IV СОВЕТ и V СОВЕТ).

Обемот на работа на Управниот суд во 2009 година, анализиран одделно по совети, основи и по судии поодделно, табеларно е прикажан во следните табели:

## РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ – I СОВЕТ

| | Основ | Изаир Зибери | Анита Данилова | Јелица Крстевска | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **У.** | Запишување во катастар на недвижности | 147 | 153 | 178 | **478** |
| **У.** | Право на користење на градежно земјиште | 68 | 71 | 45 | **184** |
| **У.** | Образование | 10 | 16 | 6 | **32** |
| **У.** | Транспорт и врски - градба | 10 | 4 | 11 | **25** |
| **У.** | Здравство | | 5 | 8 | **13** |
| **Уи.** | Запишување во катастар на недвижности | 2 | 1 | 3 | **6** |
| **Уи.** | Право на користење на градежно земјиште | 2 | 4 | 1 | **7** |
| **Уи.** | Образование | | | 2 | **2** |
| **Уи.** | Транспорт и врски - градба | | 1 | 1 | **2** |
| **Уи.** | Здравство | | | | |
| **Успи.** | Запишување во катастар на недвижности | | 1 | 1 | **2** |
| **Успи.** | Право на користење на градежно земјиште | | | | |
| **Успи.** | Образование | | | | |
| **Успи.** | Транспорт и врски - градба | | | | |
| **Успи.** | Здравство | | | | |
| **Урп.** | Изборен | 6 | 6 | 6 | **18** |
| **Урп.** | Прекршоци | 69 | 70 | 70 | **209** |
| | **ВКУПНО:** | **314** | **332** | **332** | **978** |

## РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ - II СОВЕТ

| | Основ | Злата Стамболиска | Драгослав Радичевски | Лулзим Салиу | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| У | Денационализација | 207 | 243 | 188 | **638** |
| У | Експропријација | 5 | 3 | 6 | **14** |
| У | Трансформација | / | 1 | / | **1** |
| Урп | МВР Прекршок ( судир на надлежност ) | 69 | 69 | 69 | **207** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Урп | Изборни | 6 | 6 | 6 | **18** |
| Успи | Денационализација | 1 | / | / | **1** |
| УИ | Денационализација | 1 | 3 | 1 | **5** |
| | **ВКУПНО:** | **289** | **325** | **270** | **884** |

## РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ – III СОВЕТ

| | **Основ** | **Виолета Илиевска** | **Нада Иванова** | **Газменд Фејзуљи** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|
| У. | Одобрение за градба | 47 | 37 | 45 | **129** |
| | Трошоци во постапка | 3 | | 4 | **7** |
| | Интерконекција | 1 | | 1 | **2** |
| | Прекршок животна средина | 3 | | 2 | **5** |
| | Мерки на инспекциски надзор | | 3 | | **3** |
| | Радиодифузија | 7 | 5 | 4 | **16** |
| | Земјод., шум., водост. и ветер. | 27 | 26 | 16 | **69** |
| | Запирање на градба | 52 | 32 | 50 | **134** |
| | Закуп на стан | 7 | 22 | 10 | **39** |
| | Локациски услови | 12 | 7 | 6 | **25** |
| | Административно извршување | 19 | 18 | 19 | **56** |
| | Отстранување на градба | 59 | 101 | 75 | **235** |
| | Игри на среќа | 1 | | | **1** |
| | Линиски превоз | 10 | 4 | 5 | **19** |
| | Поврат на сред. за рурален развој | 1 | | | **1** |
| | Комунални работи | 2 | 1 | | **3** |
| **УРП** | Судир на надлежност | 82 | 80 | 79 | **241** |
| | Изборни предмети | 5 | 5 | 4 | **14** |
| **УИ** | Одобрение за градба | | 3 | | **3** |
| | Запирање на градба | 1 | 1 | 8 | **10** |
| | **ВКУПНО:** | **339** | **345** | **328** | **1012** |

# РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ - IV СОВЕТ

| | Основ | Рахилка Стојковска | Владанка П. Сулејманова | Снежана Трповска | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **У** | Доделување неповрат. сред. | | 1 | | **1** |
| **У** | Еднократна помош | 1 | 2 | 3 | **6** |
| **У** | Придонеси за ПИО | 1 | 6 | 2 | **9** |
| **У** | Социјална помош | 5 | 28 | 9 | **42** |
| **У** | Додаток на деца | 1 | | 2 | **3** |
| **У** | Видување и додел. на деца | 3 | 5 | 7 | **15** |
| **У** | Помош и нега | 24 | 24 | 19 | **67** |
| **У** | Право од зад.здрав.осиг. | 20 | 34 | 22 | **76** |
| **У** | Лекување во земјата и стр. | 8 | 9 | 15 | **32** |
| **У** | Надомест за набав.лек. и мед.помагала | 24 | 27 | 29 | **80** |
| **У** | Право од здрав. санит. Надзор | | | | |
| **У** | Надз. Мерки на инспект.на труд | 1 | | 5 | **6** |
| **У** | Труд-основ. Здрав.заштита. | 1 | 1 | | **2** |
| **У** | Старосна пензија | 55 | 51 | 53 | **159** |
| **У** | Инвалидска пензија | 57 | 54 | 65 | **176** |
| **У** | Семејна пензија | 20 | 16 | 15 | **51** |
| **У** | Земјоделска пензија | 9 | 1 | 4 | **14** |
| **У** | Распоред. на други соодв.раб. | 3 | 2 | 2 | **7** |
| **У** | Паричен над. за телес.оштет. | 16 | 15 | 17 | **48** |
| **У** | Утврдув. стаж на осигуреник | 5 | 8 | 4 | **17** |
| **У** | Усогласување на пензија | 3 | | | **3** |
| **У** | Мирновремен воен инвалид | 6 | 1 | 4 | **11** |
| **У** | Трош.за извр.здрав.услуги | 2 | 1 | 3 | **6** |
| **У** | Побтор.пост.на плата проади бременост | | | | |
| **У** | Издавање одобрение за ординација | 8 | 3 | 4 | **15** |
| **У** | Закуп на простор | 1 | | 1 | **2** |
| **У** | Забрана за вршење лек.прегл. | | | | |
| **У** | Дон.одлука за отказ | | | | |
| **У** | Надом.на плата за отсус.од работа | 2 | 4 | 4 | **10** |
| **У** | Старателство | 1 | 1 | 1 | **3** |
| **У** | Поголем износ на пензија | 2 | 1 | | **3** |
| **У** | Право на пензиско осигурување | 1 | | | **1** |
| **У** | Нов износ на пензија | 1 | | 3 | **4** |
| **У** | Надомест од личен доход | | 2 | 3 | **5** |
| **У** | Скратено работно време | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **У** | Видување дете | | | | |
| **У** | Утврдување благовременост | | | | |
| **У** | Паричен надомест до вработување | 1 | | 1 | **2** |
| **У** | Посвојување дете | 1 | | | **1** |
| **У** | Парична помош | 2 | 3 | 7 | **12** |
| **У** | Промена на презиме | | 1 | | **1** |
| **У** | Плаќање партиципација | | 1 | | **1** |
| **У** | Одземање деловна способ. | | 1 | | **1** |
| **У** | Забрана за вршење дејност | | 1 | | **1** |
| **Уи** | Трошоци за лекување | | | 2 | **2** |
| **Уи** | Социјална помош | 1 | 2 | | **3** |
| **Уи** | Инвалидска | 1 | 1 | 1 | **3** |
| **Уи** | Придонеси ПИО | | 1 | 1 | **2** |
| **Уи** | Детски додаток | | 1 | 1 | **2** |
| **Уи** | Старосна | | 1 | 1 | **2** |
| **Уи** | Барање за извр.на У-одлука | | 1 | | **1** |
| **Уи** | Право од задол.здравство | | 1 | | **1** |
| **Уи** | Усогласување на пензија | 1 | | | **1** |
| **Уи** | Видување на дете | 1 | | | **1** |
| **Урп** | Судир на надлежност | 67 | 69 | 69 | **205** |
| **Урп** | Изборни | 7 | 6 | 7 | **20** |
| | **ВКУПНО:** | **363** | **387** | **386** | **1136** |

## РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ – V СОВЕТ

| | **Основ** | **Владимир Стојаноски** | **Лидија Каначковиќ** | **Мустафа Шахини** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|
| **У.** | Персонален данок | 13 | 10 | 8 | **31** |
| **У.** | Данок на промет | 4 | 2 | 5 | **11** |
| **У.** | Данок на имот | 5 | 7 | 3 | **15** |
| **У** | Данок | 27 | 42 | 25 | **94** |
| **У.** | Контрола на данок | 3 | 5 | 62 | **70** |
| **У.** | Данок на додадена вредност | 17 | 8 | 2 | **27** |
| **У.** | Данок на добивка | - | - | - | **-** |
| **У.** | Забрана за вршење дејност | 4 | - | 3 | **7** |
| **У.** | Паричен надоместок до вработување | 33 | 60 | 40 | **133** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **У.** | Јавни набавки | 26 | 13 | 20 | **59** |
| **У.** | Придонеси од здравствено осигур. | 10 | 3 | 3 | **16** |
| **У.** | Надомест од здравствено осигур. | 1 | 8 | - | **9** |
| **У.** | Разрешување од должност | - | - | - | |
| **У.** | Придонеси од пензиско осигур. | 14 | 13 | 10 | **37** |
| **У.** | Надомест од пензиско осигурување | 7 | 20 | 2 | **29** |
| **У.** | Централен регистар | 13 | 7 | 7 | **27** |
| **У.** | Присилна наплата | 3 | - | 2 | **5** |
| **У.** | Избор на јавен правобранител | - | - | - | **-** |
| **У.** | Информации од јавен карактер | 10 | 4 | 8 | **22** |
| **У.** | Инспекциски надзор | 1 | - | - | **1** |
| **У.** | Злоупотреба на доминан.позиција | 10 | 4 | 3 | **17** |
| **У.** | Работни односи | 11 | 8 | 7 | **26** |
| **У.** | Акцизи | - | - | 1 | **1** |
| **У.** | Лиценца - адв.комора | - | - | 4 | **4** |
| **У.** | Заштита на лични податоци | - | - | 3 | **3** |
| **У.** | Прекршок - економија | 13 | 17 | 25 | **55** |
| **У.** | Доделување неповрат.средства | - | - | 2 | **2** |
| **У.** | Утврдување стаж - одбрана | 1 | - | - | **1** |
| **У.** | Бришење од евиденција | 1 | - | - | **1** |
| **УИ.** | Данок | - | 2 | 1 | **3** |
| **УИ .** | Забрана за вршење дејност | 1 | - | - | **1** |
| **УИ .** | Јавни набавки | 1 | | | **1** |
| **УИ .** | Надомест од пензиско осигурување | 1 | - | - | **1** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **УИ.** | Избор во управен одбор | 1 | - | - | **1** |
| **УИ.** | Одобрение на средства | - | - | 4 | **4** |
| **УСПИ .** | Повреда на права | - | 1 | - | **1** |
| **УРП.** | Изборни | 6 | 6 | 6 | **18** |
| **УРП.** | Судири | 72 | 71 | 70 | **213** |
| | **Вкупно:** | 309 | 311 | 326 | **946** |

## РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ – VI СОВЕТ

| | **Основ** | **Емилија Илиевска** | **Мирјанка Г. Стефановска** | **Шефајет Хајдари** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|
| **У.** | МВР прекршок | 29 | 35 | 26 | **90** |
| **У.** | Азил | 14 | 10 | 15 | **39** |
| **У.** | Царински прекршок | 33 | 25 | 36 | **94** |
| **У.** | Царински долг | 100 | 105 | 104 | **309** |
| **У.** | Енергетика | / | / | | **/** |
| **У.** | Банки | 5 | 1 | | **6** |
| **У.** | Концесии | / | / | 2 | **2** |
| **У.** | Оружје | 10 | 6 | 5 | **21** |
| **У.** | Возила | 8 | 4 | 3 | **15** |
| **У.** | Судска такса | 1 | / | | **1** |
| **У.** | Комунална такса | 9 | 12 | 7 | **28** |
| **У.** | Акцизи | 1 | / | | **1** |
| **У.** | Државјанство | / | 5 | | **5** |
| **У.** | Матична евиден. | / | / | 1 | **1** |
| **У.** | Индуст.сопств . | / | / | 1 | **1** |
| **У.** | Повтор.поста пка | / | / | 1 | **1** |
| **Уи** | Царински прекршок | 1 | **/** | **/** | **1** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Успи** | Енергетска согласност | 1 | **/** | **/** | **1** |
| **Урп** | МВР прекршок | 285 | 289 | 291 | **865** |
| **Урп** | Изборни | 7 | 7 | 5 | **19** |
| | **ВКУПНО** | **504** | **499** | **497** | **1.500** |

## РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ – VII СОВЕТ

| | **Основ** | **Лидија Георгиевска** | **Дијана Димитрова** | **Исмета Амет** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|
| У | Денационализација | 217 | 221 | 115 | **553** |
| У | Експропријација | 6 | 4 | 1 | **11** |
| У | Трансформација | / | / | / | **/** |
| УРП | МВР Прекршок ( судир на надлежност ) | 66 | 66 | 66 | **198** |
| УРП | Изборни | 6 | 6 | / | **12** |
| УСПИ | Денационализација | / | / | / | **/** |
| УИ | Денационализација | 1 | 1 | / | **2** |
| | **ВКУПНО:** | **296** | **298** | **182** | **776** |

## РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ – VIII СОВЕТ

| | **Основ** | **Марта Телегравчиска** | **Исамедин Лимани** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|
| **у** | МВР прекршок | 19 | 15 | **34** |
| **У** | Азил | 1 | 5 | **6** |
| **У** | Царински прекршок | 8 | 11 | **19** |
| **У** | Царински долг | 32 | 27 | **59** |
| **У** | Лиценца енергетика | / | | |
| **У** | Банки | / | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **У** | Хартии од вредност | / | | |
| **У** | Концесии | 1 | 1 | **2** |
| **У** | Царина | 1 | | **1** |
| **У** | Оружје | 4 | 7 | **11** |
| **У** | Регистрација на возило | 1 | 1 | **2** |
| **У** | Данок – повторување на постапка | 2 | | **2** |
| **У** | Одбрана | 2 | | **2** |
| **У** | Комунална такса | 6 | 5 | **11** |
| **У** | Царина и данок | 1 | | **1** |
| **У** | Забрана за технички преглед | | 1 | **1** |
| **У** | Судска такса | | 1 | **1** |
| **У** | Трговска марка | | 1 | **1** |
| **У** | Возачка дозвола | | 1 | **1** |
| **У** | Упис на заложно право | | 1 | **1** |
| **Урп** | МВР прекршок | 228 | 230 | **458** |
| | **ВКУПНО:** | **306** | **307** | **613** |

## III. Констатација за ангажираноста и квалитетот на работењето на судиите

За предметниот извештаен период, од аспект на ангажираноста и квалитетот на работењето на судиите на Управниот суд, може да се констатира дека во условите во кои работеше Судот, коишто не би можеле да бидат оценети како оптимални, од судиите и од сите вработени во овој Суд, беа вложувани максимални напори за постапување по преземените предмети од Врховниот суд на Република Македонија и нивно решавање, со давање предимство на одлучувањето на хронолошки постарите предмети, предметите со одобрен приоритет, како и особено ангажирање во рамките на реалните можности, за совладување на обемот на работа, што резултираше од бројот на новопримените предмети во овој Суд.

Претседателот и судиите на Управниот суд, во текот на годината на која се однесува овој извештај, одржуваа редовни секојдневни состаноци, како и седници на судиите, на кои се разгледуваа стручни прашања, периодични извештаи за работата на Судот, годишниот извештај, како и други прашања поврзани со проблеми од делокругот на Судот, додека во процесот на континуирана едукација, учествуваа и на бројни советувања и семинари, во земјата и во странство, организирани преку Академијата за обука на судии и јавни обвинители или од други организатори, на теми од

значење за функционирањето на судството во Република Македонија, споредбено со судските системи во повеќе европски држави, како и за примената на одделни закони, што се непосредно поврзани со работата на Управниот суд.

**I V. Предлог мерки.**

Имајќи предвид дека Управниот суд е сеуште во фаза на кадровско екипирање и техничко опремување, заради постигнување целосна функционалност во остварување на целите поради кои е формиран, неопходно е потребно да се обезбедат финансиски средства и да се ажурира постапката за нови вработувања на судски службеници и други лица кои би биле припадници на судската служба во овој Суд, со оглед на тоа што постојниот број на вработени лица, не е доволен за ефикасно совладување на обемот на активностите од законски определениот делокруг на Судот, дотолку повеќе што согласно со член 101 став 1 од Законот за судовите, секој судија треба да има еден стручен судски службеник, а од вкупниот број актуелно вработени раководни и стручни судски службеници во Управниот суд, во овој момент 13 работат со судии, така што нивниот број не соодветствува со бројот на судиите во овој Суд, со што не е исполнет критериумот пропишан во претходно цитираната законска одредба.

Во претстојниот период, потребно е да продолжи техничкото опремување на Судот, зголемување на библиотечниот фонд, со набавка на потребната стручна литература, како и продолжување на процесот на едукација на судиите и судските службеници, за области и прашања што се од значење за ефикасно извршување на работите од делокругот на Управниот суд.

Со оглед на неопходната потреба од нови вработувања и пополнување на работните места, предвидени во Правилникот за систематизација на работните места во Управниот суд, а заради создавање оптимални услови за работа, како и неминовноста од преземање на архивираните предмети од управната област, од Врховниот суд на Република Македонија, се јавува и реална потреба од проширување на деловниот простор, во кој моментно и привремено функционира Судот, бидејќи расположивите просторни капацитети, се веќе целосно искористени и не се доволни за потребите на Управниот суд, вклучувајќи го и дополнително доделениот простор, што е понуден од АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ во државна сопственост – Скопје, со површина од 113,05 м2, којшто неопремен, е предаден на користење во почетокот на 2010 година, од страна на Министерството за правда, а се наоѓа во приземниот дел на објектот во кој сега работи Судот.

Со оглед на недодостигот од деловен простор, тројцата новоизбрани судии во текот на 2009 година, се сместени во една од судниците на овој

Суд, а најголемиот број од нововработените стручни судски службеници, се сместени во салата за состаноци. Во овој контекст е упатно да се напомене дека во една од судиските канцеларии, е сместен и Тимот на ИПА проектот на Европската Унија, за поддршка за поефикасно, поефективно и модерно работење и функционирање на Управниот суд, којшто проект е со почеток од 22 декември 2009 година и со 24 месечно траење.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВНИОТ СУД**
**Розалиа Кочковска**